

Терминот **животни вештини** се однесува на голема група на психосоцијални вештини, чија цел е да придонесат за личниот, емоционалниот и социјалниот развој на децата и да обезбедат физичка, ментална и социјална добросостојба на децата.

На оваа работилница ќе се обработуваат животни вештини во зависност од потребите на децата. Затоа целта на оваа работилница е децата да го искористат своето знаење за да практикуваат здрави облици на однесување и да ги избегнуваат оние што се закана за нивното лично, емоционално и социјално здравје.

Темите кои ќе се обработуваат во оваа работилница се следниве:

* **личен развој:** самодоверба, емоции, успех и неуспех, искажување на мислење, слободно време и семејството и училиштето



* **интерперсонални односи:** сличности и различности, лаги и вистини, давање и

примање на помош, прифаќање и признавање на грешки, комуникација, агресивно однесување и разрешување на конфликти

* **општествени односи:** права на децата, недискриминација, подржување и соработка, групна работа, социјални притисоци, одговорност и позитивен однос



* **здраво живеење:** здрава исхрана, лична хигиена, превенција од болести и заболувања и свест за сексуално здравје

* **однос со надворешната средина:** однесување со средината, хигиена во околината и заштита на планетата земја